- Вреднувањето на ставките од билансот на состојба – почнувајќи од 30.06.2020 год, со примена заклучно со 31.12.2020 год.

2.3 Сметководствени проценки и влијанието на COVID-19 пандемијата

Како резултат на COVID-19 пандемијата, која имаше влијание на економијата и финансиските пазари, Друштвото дополнително ја тестираше соодветноста на сметководствените политики, проценките и претпоставките кои беа користени во текот на 2020 и 2019 година и нивното влијание на финансисктата позиција, паричните текои и резултатот од работењето.

Управување со ризици и претпоставка на континуитет

Друштвото редовно ги следи тековните и потенцијалните ризици и континуирано и одговорно управува со нив. Механизмите кои обезбедуваат деловен континуитет во случај на влошување на ситуацијата на локално и глобално ниво се утврдени на ниво на Групацијата. Ризичниот профил на Друштвото не отстапува значајно од година во година земајќи ги предвид промените на финансискиот пазар и новите вложувања во портфолиото во текот на периодот. Ликвидноста и капиталната адекватност на Друштвото континуирано се следи и е оценета како соодветна. Како резултат на тоа, може да се заклучи дека примената на претпоставката на континуитет е исто така соодветна.

Обезвреднување и мерење на објективна вредност на финансиски средства

Нема значајни промени на финансикиот пазар во текот на 2020 година кои би предизвикале промени во мерењето на финансиските средства како и преоценка на соодветноста на објективната вредност и проценка на евентуално обезвреднување на вложувањата кои се класифицираат како расположливи за продажба. Што се однесува до побарувањата, нема значаен пораст на доспеани побарувања, а соодветноста на критериумите користени за оценка на обезвреднувањето на побарувањата беше направено во согласност со подзаконската регулатива усвоена од страна на АСО и измените на истите усвоени како мерки за олеснување на работењето на осигурителните компании во услови на COVID-19. Не се евидентирани значајни исправки на вредност поради обезвреднување на финансиските средства како резултат на COVID-19 пандемијата.

2.4 Користење на проценки и расудувања

Презентацијата на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, бара користење на најдобри можни проценки и разумни претпоставки од страна на раководството на Друштвото, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на искуство од минатото и други фактори за кои се верува дека се разумни во околностите и чии резултати претставуваат основа за проценка на сметководствената вредност на средствата и обврските за кои не се достапни податоци од други извори. Стварните резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Проценките и претпоставките се разгледуваат на континуирана основа. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој проценката е ревидирана ако истата има влијание само на тој период или пак во периодот на проценка и идните периоди ако ревидираната проценка има влијание на двата периоди - тековниот и идниот период.

Информациите во однос на значајните области за кои постои неизвесност врз основа на проценка и критичните проценки во примената на сметководствените политики кои имаат најзначаен ефект на износите обелоденети во финансиските извештаи се наведени во Белешка 4.

2.5 Функционална и известувачка валута

Презентираните финансиски извештаи се искажани во македонски денари. Денарот претставува функционална и известувачка валута на Друштвото.

Финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените политики образложени во Белешката 3 кон финансиските извештаи.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 Класификација на договорите за осигурување

Договорите за осигурување се дефинираат како договори со кои Друштвото прифаќа значаен осигурителен ризик при отпочнувањето на договорот, согласувајќи се да го обештети осигуреникот доколку определен иден осигурен настан неповолно влијае на осигуреникот.

Важноста на осигурителниот ризик зависи истовремено од веројатноста на осигурителниот настан и степенот на потенцијалниот ефект.

Кога еден договор ќе биде класифициран како договор за осигурување, тој важи како таков до истекот на неговиот рок на важност, односно се додека сите права и обврски од истиот не згаснат или истечат, дури и ако осигурителниот ризик значајно се намали во текот на тој период.

Раководството на Друштвото верува дека сите склучени договори со осигурениците и договорите за реосигурување се во согласност со дефиницијата за договори за осигурување.

3.2 Признавање на приходи

Бруто приходи од премии

Бруто полисираните премии го рефлектираат работењето во текот на годината и не вклучуваат даноци по основ на премии. Бруто полисираните (запишаните) премии се намалуваат за износот на вратените и поништени претходно полисирани премии во пресметковниот период.

Заработениот дел од премиите се признава како приход во моментот на склучување на договорот, врз основа на моделот на превземен ризик.

Делот од запишаните премии, кој се однесува за последователниот период, се разграничува како преносна премија, користејќи го дневниот про-рата метод во однос на вкупните денови на осигурувањето (“про-рата-темпорис” методата). Пресметката на преносната премија се врши за секој поединечен договор. Промената во резервирањата на преносната премија се евидентира во добивката или загубата за годината со цел да се признае приходот во период кој соодветствува на периодот на ризик.

Приходи од камати

Приходите од камати се признаваат во добивката за годината како што настануваат, земајќи го предвид ефективниот принос на средствата или применливата каматна стапка.

3.3 Трошоци и обврски по основ на штети од осигурувањето

Настанатите, пријавените и исплатените штети
Настанатите, пријавените и исплатените штети, се признаваат како трошок врз основа на фактички исплатените износи на осигурениците кои ги опфаќаат трошоците за подмирување и решавање на штетите коишто произлегуваат од настани што се случиле во текот на годината и се еднакви на износите утврдени на пресметковна основа бидејќи настануваат во истиот сметководствен период.

Настанатите, пријавени и неисплатени штети
Настанатите, пријавени и неисплатени штети, до крајот периодот на известување се утврдуваат преку разгледување на индивидуалните штети врз основа на резервација на проценетиот конечен трошок за подмирување на штетата. Значајни доцнења можат да настанат при објавувањето и подмирувањето на одредени општи штети од осигурување, и поради тоа крајниот трошок за нив не може со сигурност да се утврди на крајот на периодот на известување. Сите разлики помеѓу пресметаните и последователно платените износи се прикажуваат во добивката или загубата во периодот на плаќање.

Резервациите за настанатите, но непријавени штети се пресметуваат на секој период на известување во согласност со интерните правила на Друштвото и Правилникот за минималните стандарти за пресметка на техничките резерви, усвоен од Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Други технички резерви се издвојуваат за планираните идни обврски и ризици од поголеми штети кои произлегуваат од осигурително покритие за одговорност на одредени ризици и обврски согласно Законот за супервизија на осигурувањето.

Друштвото спроведува тест на адекватноста на обврските на секој датум на известување во согласност со МСФИ 4, со цел да процени дали неговите признаени обврски од осигурување се адекватни. Друштвото изврши пресметка на дополнителните потребни резерви за неистечени ризици, на нето основа по класа на осигурување. Врз основа на овој тест, Друштвото во текот на 2017 год издвои дополнителна резерва за неистечени ризици како надополнување на резервата за преносни премии.

3.4 Премии од реосигурување

Друштвото цедира реосигурување во нормалниот тек на работењето. Реосигурувањето Друштвото го обавува преку своето матично друштво, кое ги склучува договорите за реосигурување на ниво на Групацијата и го преотстапува на Друштвото соодветниот дел од средствата, обврските, приходите и расходите по основ на реосигурување кои произлегуваат од ризиците и штетите од соодветните договори за осигурување.

Премиите за реосигурување се признаваат како намалување на бруто приходите од премија во текот на периодот покриен со реосигурувањето во согласност со очекуваното однесување на реосигурителниот ризик.

Делот од преотстапената премија за реосигурување која се однесува за последователниот период, не се признава како расход туку се третира како незаработен дел од премијата за реосигурување на крајот на периодот на известување и е вклучен како одбитна ставка на резервирањата на преносната премија.

3.5 Трошоци за стекнување на осигурувањето

Трошоците за стекнување на осигурување вклучуваат трошоци за провизија, бруто плати за вработени во внатрешната продажна мрежа, трошоци за печатење на полиси за осигурување и останати трошоци за стекнување на нови или обновување на постоечките договори за осигурување.

Горенаведените трошоци за стекнување на нови или обновување на постоечките договори за осигурување, кои настануваат во финансискиот период, се разграничуваат до степен до кој што ќе се покријат од идните приходи.

3.6 Износи искажани во странска валута

Трансакциите извршени во странски валути се евидентираат според курсот кој важи на денот на трансакцијата. На секој известувачки датум, паричните средства искажани во странски валути се преведуваат во денари по курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на крајот на периодот на известување. Позитивните и негативните курсни разлики што произлегуваат од трансакциите во странски валути се вклучуваат во добивката или загубата во периодот во кој настануваат.

	2020	**2019**
	МКД	МКД
1 ЕУР	61.6940	61.4856
1 УСД	50.2353	54.9518

3.7 Оданочување

Тековен данок

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно одредбите на Законот за данок на добивка. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно утврдено, од страна на даночните органи. Крајниот данок по стапка од 10% се пресметува на утврдената добивка за периодот, корегирана за одредени даночно непризнаени расходи, согласно законските одредби.

Одложен данок

Одложениот данок се признава на разликата помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметката на оданочливата добивка, и се евидентира со примена на методот на обврска. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики и одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во обем во кој што постои веројатност дека ќе постои добивка којашто ќе биде предмет на оданочување и во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночните стапки (и закони за даноци) коишто важат на крајот на периодот на известување. На 31 декември 2020 и 2019 година не постојат оданочиви или одбитни временски разлики и последователно, во овие финансиски извештаи не се признати никакви одложени даноци.

Оданочување (продолжува)

Данок на додадена вредност (ДДВ)

Приходите од осигурување како и другите приходи кои Друштвото ги остварува во текот на редовното работење се ослободени од ДДВ. Влезниот ДДВ при набавка на средства не може да се поврати од даночните власти и се признава како дел од набавната вредност на средствата, доколку е применливо; побарувањата се искажани без ДДВ, а обврските се искажани со вклучен ДДВ.

3.8 Користи за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Друштвото во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Во согласност со законските барања, Друштвото има обврска на своите вработени да им исплати отпремнина при пензионирање во висина на две просечни месечни плати. Друштвото за 2020 и 2019 година има евидентирано резервација за трошоци за пензионирање согласно пресметката од актуарот.

3.9 Наеми

Оперативен наем

Плаќањата за оперативниот наем се признаваат како трошок во добивката или загубата на праволинска основа во периодот за кој трае наемот.

Финансиски наем

Наемите на средствата во услови кога Друштвото ги презема сите ризици и награди својствени за сопственоста се класифицирани како финансиски наем. При почетно признавање средството земено под наем се мери според пониската од неговата објетивна вредност и сегашната вредност на минималните плаќања на наемот. Последователно на почетното признавање, средството се евидентира во согласност со сметководствената политика применлива на тоа средство. Сите останати наеми се класифицирани како оперативни наеми, а средствата под наем не се признаваат во извештајот за финансиска состојба на Друштвото.

3.10 Земјиште, опрема и нематеријални средства

Опремата и нематеријалните средства се евидентираат по набавната вредност намалена за акумулираната депрецијација и амортизација, и акумулираната загуба поради оштетување, доколку постои.

Земјата се евидентира по набавна вреднот и не се пресметува депрецијација.

Почетното признавање ги вклучува фактурната вредност, увозните царински трошоци, други давачки при набавката кои се без право на враќање и сите други трошоци кои се прават со цел средството да се стави во работна состојба. Купениот софтвер кој е интегрален дел од функционалноста на соодветната опрема не се капитализира како дел од таа опрема, туку поодделно се прикажува како нематеријално средство.

Опрема и нематеријални средства (продолжува)
Трошоците за редовно одржување и поправки на опремата се евидентираат во добивката или загубата во моментот на нивното настанување.

Депрецијацијата и амортизацијата се пресметуваат на набавната вредност на средството, земајќи го во предвид проценетиот век на користење, со употреба на праволиниска метода. Проценетиот корисен век на средството и применетиот метод на депрецијација и амортизација се прегледуваат на крајот на секоја година, и притоа ефектите од евентуалните промени се имплементираат при идните пресметки на депрецијација и амортизацијата.

Проценетите годишни стапки на депрецијација и амортизација на опремата и нематеријалните средства се како што следи:

Компјутери	25%
Опрема и мебел	10% - 25%
Моторни возила	25%
Нематеријални средства	25%

Кога амортизираните средства се ставаат надвор од употреба, или на било кој начин се отуѓуваат, соодветната набавна вредност и исправката на вредноста се елиминираат од соодветните сметки.

Капиталните добивки или загуби реализирани со отуѓувањата се признаваат како приход или трошок.

Средства земени под наем - наемател
Наемите на средствата во услови кога Друштвото ги презема сите ризици и награди својствени за сопственоста се класифицирани како финансиски наем. При почетно признавање средството земено под наем се мери според пониската од неговата објективна вредност и сегашната вредност на минималните плаќања на наемот. Последователно на почетното признавање, средството се евидентира во согласност со сметководствената политика применлива на тоа средство. Сите останати наеми се класифицирани како оперативни наеми, а средствата под наем не се признаваат во извештајот за финансиска состојба на Друштвото.

3.11 Загуби поради оштетување на материјалните средства

На крајот на периодот на известување, Друштвото ги преоценува сметководствените вредности на своите материјални средства за да утврди дали постојат наговестувања дека дошло до загуби како резултат на намалување на вредноста на средствата. Ако постојат такви наговестувања, се проценува надоместувачката вредност на средствата за да се утврдат евентуалните загуби поради оштетување. Доколку не е во можност да се процени надоместувачката вредност на поединечно средство, Друштвото го проценува надоместувачкиот износ на единицата која генерира парични текови а на која тоа средство и припаѓа.

Надоместувачката вредност е нето продажната цена или вредноста во употреба, во зависност од тоа која е поголема. За потребите на проценката на вредноста во употреба, се дисконтираат проценетите идни парични приливи до нивната сегашна вредност со примена на дисконтна стапка пред оданочување која ја одразува сегашната пазарна процена на временската вредност на парите и ризикот кој е специфичен за тоа средство.

Загуби поради оштетување на материјални средства (продолжува)

Ако проценетиот надоместувачки износ на средството (или на единицата која генерира парични текови) е помал од сметководствената вредност, во тој случај сметководствената вредност на тоа средство (или на единицата која генерира парични текови) се намалува до надоместувачкиот износ. Загубите поради оштетување се признаваат веднаш како расход.

При последователното сторнирање на загубата поради оштетување, сметководствениот износ на средството (или на единицата која генерира парични текови) се зголемува до ревидираниот проценет надоместувачки износ на тоа средство, при што поголемата сметководствена вредност не ја надминува сметководствената вредност која би била утврдена доколку во претходните години не би дошло до признаени загуби поради оштетување на тоа средство.

На ден 31 декември 2020 година, врз основа на проценка на Раководството на Друштвото, не постојат индикации за оштетување на вредноста на основните средства.

3.12 Финансиски средства

Класификација

Финансиските средства се класифицираат во четири категории, зависно од целта за која биле стекнати, како што следи:
Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски инструменти кои што се стекнати со цел со истите да се тргува или кои при почетното признавање од страна на Друштвото се класифицирани како средства по објективна вредност преку добивки и загуби. Со состојба на 31 Декември 2020 и 2019 година Друштвото ги има класифицирано уделите од инвестициски фондови во оваа категорија, односно како хартии од вредност и други финансиски инструменти чувани за тргување.

Финансиски средства чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2020 Друштвото нема евидентирано вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање (2019: Друштвото ги класифицира државните записи како финансиски средства чувани до доспевање).

Кредити и побарувања се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата коишто не котираат на официјалните пазари, освен оние коишто Друштвото има намера да ги продаде во краток рок, оние коишто при почетното признавање Друштвото ги класифицирало како средства по објективна вредност преку добивки и загуби или расположливи за продажба или оние за кои Друштвото нема да биде во можност да го поврати почетното вложување што не е резултат на кредитното вложување. Со состојба на 31 декември 2020 и 2019 година Друштвото ги класифицира парите и паричните еквиваленти, побарувањата од осигуреници и останатите побарувања од непосредни работи, орочените депозити во домашни банки, средствата од реосигурување и вложувањата во заеднички контролирани ентитети како кредити и побарувања.

Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативни финансиски инструменти кои се, или класифицирани во оваа категорија или не се класифицирани во било која од останатите категории. Со состојба на 31 декември 2020 година Друштвото ги класифицира обврзниците како финансиски средства расположливи за продажба.

Класификација на финансиските обврски
Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорениот ангажман. Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од обврски кон реосигурители, обврски по основ на осигурување и останати обврски.
Истите се евидентирани по нивна објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Почетно признавање
Друштвото почетно ги признава кредитите и побарувањата и депозитите на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Друштвото станува странка на договорните одредби за инструментот.
Сите финансиски средства, освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби, почетно се мерат по нивната набавна вредност зголемена за трансакционите трошоци коишто можат директно да се припишат на стекнувањето на финансиското средство.

Депризнавање
Друштвото ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг.
Доколку на пренесените финансиски средства Друштвото оствари камата и истата ја задржи, каматата се признава како посебно средство или обврска.
Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

Нетирање
Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во извештајот за финансиска состојба само кога Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.
Приходите и расходите се нетираат и нето износот се прикажува во добивките и загубите само доколку тоа е дозволено со стандардите, или за одредени добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции, како што се активностите за тргување.

Последователно мерење на финансиски средства
По почетното признавање, Друштвото ги мери расположливите-за-продажба финансиски средства по нивната објективна вредност без било какви намалувања за трансакционите трошоци кои може да настанат при нивната продажба.

Финансиски средства (продолжува)

Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на извештајот на финансиската состојба.
Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Друштвото ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

Вложувањата чувани-до-доспевање и кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на средствата расположливи-за-продажба се признаваат во сеопфатната добивка, освен загубите од оштетување, кои се признаваат во добивките и загубите во периодот во кој се јавуваат.

При продажба или оштетување на финансиските средства расположливи-за-продажба кумулативните добивки и загуби кои претходно биле признаени во сеопфатната добивка се признаваат во добивките и загубите. Во случај кога финансиските средства расположливи за продажба носат камата, каматата пресметана со методот на ефективна камата се признава во добивките и загубите.

Оштетување на финансиски средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност
Друштвото редовно врши вреднување на ставките од билансот на состојба (Извештајот за финансиска состојба) согласно Правилникот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси и измените и дополнувањата, донесени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Друштвото ги класифицира своите побарувања во соодветни групи по основ на премија за осигурување, побарувања по основ на регрес и останати побарувања во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето и останати побарувања.

Врз основа на таа класификација, со состојба на 31 декември 2019 година, Друштвото утврдува соодветна исправка на вредност – Посебна резерва на побарувањата на следниот начин:

Ризична категорија	Период на доцнење на датумот на финансиските извештаи	% на исправка на вредност
Категорија А	до 30 дена	0%
Категорија Б	од 31 до 60 дена	10%
Категорија В	од 61 до 120 дена	31%
Категорија Г	од 121 до 270 дена	51%
Категорија Д	од 271 до 365 дена	71%
Категорија Ѓ	над 365 дена	100%

Финансиски средства (продолжува)

Агенцијата за супервизија на осигурување на 14.04.2020 година усвои измена на Правилникот за метод на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси (Службен весник на РСМ бр. 107/2020) како дел од пакетот мерки за друштвата за осигурување за олеснување на работата во услови на COVID-19 кризата кој се применува во текот на 2020 година заклучно со 31 декември 2020 година.

Согласно овој правилник, со состојба на 31 декември 2020 година, Друштвото утврдува соодветна исправка на вредност – Посебна резерва на побарувањата на следниот начин:

Ризична категорија	Период на доцнење на датумот на финансиските извештаи	% на исправка на вредност
Категорија А	до 90 дена	0%
Категорија Б	од 91 до 120 дена	10%
Категорија В	од 121 до 180 дена	31%
Категорија Г	од 181 до 330 дена	51%
Категорија Д	од 331 до 425 дена	71%
Категорија Ѓ	над 425 дена	100%

Депризнавање на финансиски средства

Друштвото депризнава финансиските средства само во случај кога договорните права за средството истекуваат или се пренесува финансиското средство и соодветно сите ризици и права кои произлегуваат од сопственоста на друг ентитет.

3.13 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Не постојат финансиски обврски кои би се класифицирале како сопственички инструменти, бидејќи Друштвото не склучило било каков договор со којшто се обезбедува право на учество во остатокот на нето средствата на Друштвото по одземање на сите негови обврски.

Финансиските обврски се класифицирани како обврски спрема добавувачите, останати обврски и субординирани обврски.

Обврски спрема добавувачите и останати обврски

Обврските спрема добавувачи и другите обврски се прикажани според нивната номинална вредност.

Обврски за настанати пријавени штети

Овие обврски се признаваат врз основа на проценетиот конечен трошок за подмирување на штетата.

Депризнавање на финансиски обврски

Друштвото ги депризнава финансиските обврски единствено кога нејзините обврски се извршени, откажани или застарени.

3.15 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти ги сочинуваат паричните средства во благајна, депозити по видување како и високоликвидните хартии од вредност со оригинален рок на доспевање пократок од три месеци, кај кои постои незначителен ризик од промените во нивната објективна вредност.

3.16 Акционерки капитал

Обични акции

Обичните акции се класификувани како капитал. Трошоците директно поврзани со издавање на инструменти на главнина се признаваат како намалување на почетното мерење на инструментот на главнина.

Откуп на сопствени акции

Кога Друштвото откупува сопствени акции, износот на платениот надомест, вклучувајќи ги и директните зависни трошоци, се признаваат како промени во капиталот.

Откупените акции се класифицираат како сопствени акции и претставуваат одбитна ставка од вкупниот капитал. Кога сопствените акции последователно се продадени, добиениот износ се признава како зголемување во капиталот, и вишокот или кусокот од трансакцијата се пренесува на/од премија од акции.

Резерви

Резервите кои се состојат од задолжителни и ревалоризациони резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законската регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Друштвото.

Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во периодот кога се објавени.

3.17 Нетирање

Средствата, обврските, приходите и расходите се нетираат и нето износот се прикажува во извештајот за финансиската состојба, односно извештајот за сеопфатната добивка само кога Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи, и кога тоа е дозволено со стандардите и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.

3.18 Трансакции со поврзани страни

Согласно Законот за супервизија на осигурување поврзани лица се сметаат две или повеќе правни и физички лица кои се меѓусебно поврзани на следните начини:

а) управувачко или капитално, или на кој било друг начин, при што тие заедно ја определуваат нивната деловна политика или работат во координација едни со други за да обезбедат вообичаени комерцијални предности;

б) кога едно лице значително влијае на донесувањето на финансиски и деловни одлуки на другото лице;

в) работењето или резултатите од работењето на едното лице значително влијаат врз работењето на другото лице. Лицата се поврзани и на тој начин што едно правно или физичко лице има учество во друго правно лице.

Поврзани лица вклучуваат:

а) членови на потесно семејство;

б) членови на орган на управување, надзорен орган или прокурист, како и членови на нивното потесно семејство;

в) лица вработени врз база на договор за работа со посебни услови, како и членови на нивното потесно семејство;

г) на начин што едно лице, односно лица кои се сметаат за поврзани лица заедно директно или индиректно имаат учество во друго лице;

д) на начин што во двете лица учество има исто лице, односно лица кои се сметаат за поврзани.

4. КРИТИЧНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на финансиските извештаи, бара од Раководството на Друштвото да користи најдобро можни проценки и разумни претпоставки, кои имаат ефект на презентираните вредности на средствата и обврските, обелоденувањето на потенцијалните побарувања и обврски на денот на составувањето на финансиските извештаи, како и на приходите и расходите во текот на периодот на известувањето. Овие проценки и претпоставки се засновани на информации кои се расположливи на денот на составување на финансиските извештаи. Подолу се наведени клучните претпоставки што се однесуваат на иднината и други извори на несигурност при вршење на проценките на крајот на периодот на известување, коишто ги зголемуваат ризиците за значајни прилагодувања на сметководствената вредност на средствата и обврските.

Проценка на настанати, пријавени и неисплатени штети

Секоја пријавена штета се проценува поединечно од страна на Друштвото земајќи ги во предвид околностите при настанување на штетата, достапните информации и искуството на Друштвото за големината и износот на сличните штети. Проценките на резервациите за овие штети базираат на информациите кои се достапни во моментот на проценката, меѓутоа конечната обврска по штетите може да варира како резултат на дополнителни промени на расположливите информации кои настанале од моментот на проценката до моментот на конечната исплата и ликвидирање на штетата.

Проценка на резервациите за настанати непријавени штети

Резервациите за настанати непријавени штети се прават со примена на Chain-Ladder методата и со примена на други методи превземени од искуството на Групацијата за ваков тип на проценки. Износите за проценетите настанати непријавени штети може да се разликуваат во однос на пријавените штети во наредниот период.

Исправка на вредноста на побарувањата

Исправката на вредноста за сомнителни и спорни побарувања се пресметува врз основа на проценетите загуби како резултат на неможноста купувачите да ги исполнат своите обврски, применувајќи релевантни одлуки на Раководството. При утврдување на адекватноста на исправката на вредноста за сомнителни и спорни побарувања, проценката е заснована на старосна анализа на побарувањата за премии, историските отписи, кредитните способности на клиентите и промените во условите на продажба. Ова вклучува и претпоставки за идното однесување на клиентите и соодветните идни наплати од нив. Раководството на Друштвото верува дека не е потребна дополнителна исправка.

Објективна вредност

Во Република Северна Македонија не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на побарувањата како и на другите финансиски средства и обврски со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации. Како резултат на ова објективната вредност не може веродостојно да се одреди во отсуство на активен пазар. Мислење на Раководството е дека, обелоденетите сметководствени вредности се валидни, во однос на тековните услови на пазарот.

Обврски спрема Националното Биро за Осигурување

Во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето, Друштвото, како и останатите осигурителни друштва кои се вклучени на пазарот на осигурување на моторни возила, има обврска кон Националното Биро за Осигурување во поглед на штетите кои произлегуваат од моторни возила, причинети од непознати сторители или неосигурани возила. Исто така, во случај на ликвидирање на било кое од осигурителните друштва кои се вклучени на пазарот на осигурување на моторни возила, Друштвото заедно со останатите друштва е обврзано да учествува со свое учество во неисплатените штети кои произлегуваат од моторни возила.

Корисен век на средствата

Одредувањето на корисниот век на средствата се заснова на искуството за слични такви средства, како и очекуваниот технолошки развој и промени во пошироката економија, индустриските фактори или локалните пазари. Соодветноста на проценките на корисните векови на средствата редовно се прегледуваат за значајни промени во употребените претпоставки.

5. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Софтвер
Набавна вредност	
На 01 јануари 2019	8.297.527
Зголемување	1.205.397
На 31 Декември 2019	**9.502.924**
На 01 јануари 2020	9.502.924
Зголемување	359.750
На 31 Декември 2020	**9.862.674**
Акумулирана депрецијација	
На 01 јануари 2019	4.446.113
Депрацијација за годината	1.553.202
На 31 Декември 2019	**5.999.315**
На 01 јануари 2020	5.999.315
Депрецијација за годината	1.484.392
На 31 Декември 2020	**7.483.707**
Нето евидентирана вредност	
На 01 јануари 2019	3.851.414
На 31 Декември 2019	3.503.609
На 31 Декември 2020	**2.378.967**

Залог врз нематеријални средства
На 31 декември 2020 и 2019 година, Друштвото нема дадено нематеријални средства под залог и истите во целост се користат за вршење на дејност на Друштвото.

6. ВЛОЖУВАЊА

6.1 Вложувања во заеднички контролирани ентитети

На 31 декември 2020 година, вложувањата во заеднички контролирани ентитети во износ од 11.167.565 денари (2019: 13.589.208 денари) се однесуваат на основачки удел во Национално Биро за Осигурување во согласност со барањата на Законот за супервизија на осигурувањето на Република Северна Македонија. Националното Биро за Осигурување е непрофитна организација основана од страна на сите домашни осигурителни компании чија цел е да го заштити интересот на нејзините членови при меѓународно осигурување на моторни возила и да ги претставува членовите пред меѓународните осигурителни компании. Вложувањата во заеднички контролирани ентитети претставуваат вложени каматоносни депозити кои се чуваат на посебни сметки во банки. Националното Биро за Осигурување е обврзано да не ги вложува и да го врати депозитот на секој член при престанување на неговото работење со осигурување на моторни возила.

7. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

	2020	2019
Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување (нето вредност)	-	84.668.113
Финансиски вложувања расположливи за продажба	321.215.430	215.215.285
Финансиски вложувања за тргување	48.928.212	73.316.295
Депозити, заеми и останати пласмани	112.772.000	142.781.225
Вкупно	**482.915.642**	**515.980.918**

7.1 Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување

	2020	2019
Државни записи со рок на достасување до една година	-	84.990.000
Акумулирана амортизација	-	(321.887)
Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	**-**	**84.668.113**
Котирани	-	-
Некотирани	-	84.668.113
Вкупно	**-**	**84.668.113**

На 31 декември 2020 година Друштвото нема финансиски вложувања чувани до достасување (2019: државни записи во вкупен износ од 84.668.113 денари со рок на доспевање до 1 година и каматни стапки од 0,6% до 0,8%).

7.2 Финансиски вложувања расположливи за продажба

	2020	2019
Државни обврзици со рок на достасување над една година	321.215.430	215.215.285
Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	**321.215.430**	**215.215.285**
Котирани	-	-
Некотирани	321.215.430	215.215.285
Вкупно	**321.215.430**	**215.215.285**

На 31 декември 2020 година Друштвото има финансиски вложувања расположливи за продажба во државни обврзници, со рок на доспевање од 15 до 30 години, (2019: 215.215.285) и каматни стапки од 2,20% до 4,1% (2019: од 2,45% до 4,1%).

7.3 Финансиски вложувања за тргување

Со состојба на 31 декември 2020 година, финансиските вложувања за тргување се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови. Нивната објективна вредност со состојба на 31 декември 2020 година изнесуваше 48.928.212 денари (2019: 73.316.295 денари) усогласена според вредноста на нето имотот по удел на Фондовите на тој датум.

Во текот на 2020 година, Друштвото од промена на објективната вредност на вложувањата кои се чуваат за тргување, оствари приход во вкупнен износ од 404.681 денари (2019: 444.560 денари) (белешка 18).

7.4 Депозити, заеми и останати пласмани

	2020	2019
Орочени депозити во домашни банки (во денари)	112.772.000	142.772.000
Останати пласмани	-	9.225
Вкупно	**112.772.000**	**142.781.225**

На 31 декември 2020 година Друштвото има вложувања во депозити во домашни банки кои имаат рок на доспевање од 24 месеци (2019: од 12 до 24 месеци) и каматни стапки од 1,4% до 2,1% (2019: 1,1% до 2,1%)

8. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ

	2020	2019
Бруто резерва за преносна премија		
Состојба на 01 Јануари	20.416	919.429
Движење во тековна година (Белешка 17)	(20.416)	(899.013)
Состојба на 31 Декември (Белешка 14)	**-**	**20.416**
Бруто резерви за штети		
Состојба на 01 јануари	17.328.618	-
Движење во тековна година (Белешка 21)	(3.720.945)	17.328.618
Состојба на 31 Декември (Белешка 14)	**13.607.673**	**17.328.618**
Дел за реосигурување во бруто технички резерви (Белешка 14)	**13.607.673**	**17.349.034**

9. ПОБАРУВАЊА

Побарувањата се прикажани во бруто износ намалени за исправката на вредноста на побарувањата од договори за осигурување во согласност со Правилникот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси и измените и дополнувањата, донесени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.
Агенцијата за супервизија на осигурување на 14.04.2020 година усвои измена на Правилникот за метод на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси. Одредбите од овој правилник се применуваа заклучно со 31.12.2020 година.

	2020	2019
Побарувања од непосредни работи во осигурување	52.210.553	52.550.260
Исправка на вредност	(25.173.684)	(28.760.931)
	27.036.869	**23.789.329**
Останати побарувања од непосредни работи на осигурување	22.965.918	19.513.008
Исправка на вредност	(14.123.652)	(13.663.236)
	8.842.266	**5.849.772**
Побарувања за финансиски вложувања	**5.355.112**	**1.648.692**
Останати побарувања	2.919.907	3.077.228
Осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

Карактеристики

Во рамките на овој вид на осигурување се регулираат односите помеѓу осигурувачот и осигуреникот во случај на смрт од последици на несреќен случај, траен инвалидитет (инвалидитет) од последици на несреќен случај, повремена неспособност за работа (дневен надомест) и влошено здравје кое бара лекарска помош (трошоци за лекување).

Управување со ризикот

Основните ризици во оваа класа на осигурување се поврзани со дејноста на потенцијалните осигуреници, возраста, полот. Најголемиот ризик произлегува од самата природа на оваа класа на осигурување која што е непредвидлива и се случува неочекувано.

Настанот што предизвикува штета најчесто се случува ненадејно при што причината за штета лесно се определува. Во овој случај штетата може да биде пријавена со одложен рок, а нејзиното решавање ќе биде завршено по завршувањето на лекувањето и комплетирање на документацијата. Соодветно, осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) се класифицира како долгорочно поради одложување на временските рокови.

Одговорност кон трети лица

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување од одговорност кон трети лица. Согласно овие договори надомест се исплатува за настанување на осигуран настан. Истиот може да биде од материјална или нематеријална природа. Периодот на решавање на материјалните штети е пократок во однос на периодот на решавање на нематеријалните штети поради самата природа на овој тип на штети.

Најголем дел од договорите за осигурување кај кои што е настаната материјална штета од одговорност кон трети лица не се предмет на значајна комплексност така што крајниот исход е помалку неизвесен. Кај нематеријалните штети времетраењето на процесот на исплата на штетата од датумот на пријавување на штета до датумот на решавање на истата зависи од повеќе фактори како што се природата на покритието и условите на полисата.

Управување со ризикот

Управувањето со ризикот од договори за осигурување од одговорност кон трети лица се прави главно преку изборот на ризик, соодветна стратегија за инвестирање, проценка и реосигурување. Друштвото ги следи и реагира на промените на општите економски и комерцијални услови во опкружувањето во кое работи за да се осигура дека само оние ризици кои се во согласност со критериумите на Друштвото се предмет на осигурување.

Главен ризик кај нематеријалните штети кои произлегуваат од договорите за осигурување од одговорност е трендот на судовите да одредуваат високо ниво на надомест што значајно варира помеѓу предмети и различни судови.

Имот

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување на имот што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија. Договорите за осигурување на имот до одредени лимити го заштитуваат осигуреникот од загуба или штета на неговиот имот.

Настанот што предизвикува штета на градежни објекти или друг имот најчесто се случува ненадејно (како што е пожар или кражба) при што причината за штета лесно се определува. Во овој случај штетата ќе биде брзо пријавена и може да биде решена без одлагање. Соодветно имотното осигурување се класификува како краткорочно, што значи дека зголемувањето на трошоците и повратот на вложувањето се од помало значење.

Управување со ризикот

Главните ризици поврзани со овие договори е ризикот од осигурување, ризикот од дејствувањата на конкуренцијата и искуството со штети (вклучувајќи го и променливото настанување на природни непогоди).

Ризикот од овие осигурувања е Друштвото да го потцени ризикот кој го осигурува. Ризикот од секоја поодделна полиса ќе варира во зависност од повеќе фактори како што се локацијата, воспоставените сигурносни мерки и карактеристиките на имотот. За осигурувањето на имот на физички лица се очекува голем број од имотите да бидат изложени на слични ризици. Меѓутоа, ова не важи за деловните објекти.

Голем број од деловните објекти претставуваат специфична комбинација на локација, вид на работење и воспоставени сигурносни мерки. Пресметката на премијата е пропорционална со ризикот овие полиси да бидат субјективни и со тоа и поризични.

Друштвото го реосигурува ризикот од штета е над утврдениот износ на самопридржај на Друштвото.

Каско осигурување на моторни возила

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување на возила на територијата на Република Северна Македонија. Брзото плаќање го заштитува осигуреникот од загубата на вредноста на физичка штета на возилото и на имотот во моментот на случување на штетниот настан.

Управување со ризикот

Генерално гледано овие штети се помалку комплексни и е потребен пократок период за да се разрешат, така што тие носат умерен ризик. Друштвото редовно ги следи трендовите и соодветно реагира на промените на надоместот за овој вид на штети, судските парници и зачестеноста на пријавување на штети.

Зачестеноста на овие штети зависи од неповолните временски услови. Исто така тие зависат и од цената на горивото и економските активности, кои што влијаат на сообраќајните активности.

Туристичка помош

Карактеристики

Друштвото врз основа на договорот за осигурување, а во зависност од видот на осигурителното покритие, обезбедува услуги наведени во полисата, кои произлегуваат од осигурените случаи што ќе настанат во странство и се поврзани со патувањето во странство, и тоа здравствена помош и осигурување, помош при патување и осигурување, осигурување од незгода, осигурување на багаж, деловна помош и осигурување, отказ на патување, дополнително осигурување за ски пакет (со доплата на премија), дополнително осигурување од спортска незгода (со доплата на премија).

Управување со ризикот

Зачестеноста на овие штети директно е поврзано со патувањата на осигурените лица, а бројот на пријавени штети е поголем во летните месеци.

Настанот што предизвикува штета како причина за штета лесно се определува. Во овој случај штетата ќе биде пријавена и може да биде решена без одлагање. Соодветно патничкото осигурување се класифицира како краткорочно, што значи дека зголемувањето на трошоците и повратот на вложувањето се од помало значење.

Развој на штети

Рун офф анализа засебно за резервата за настанати и пријавени штети и резервата за настанати непријавени штети, како и на кумулативна основа, се прави во согласност со Правилникот за минимални стандарди за пресметка на технички резерви, кој стапи на сила на 01 јануари 2012 година.

Концентрација на ризикот од осигурување

Главен аспект на ризикот од осигурување со кој се соочува Друштвото е концентрацијата на ризик која може да постои доколку се случи одреден штетен настан кој би можел значително да влијае врз обврските на Друштвото. Ова може да произлезе од еден договор за осигурување или повеќе помали, но поврзани договори кои би можеле да предизвикаат значителни обврски за Друштвото. Важен аспект на концентрација на ризикот од осигурување е дека може да настане со кумулирање на ризиците од повеќе поодделни класи на осигурување.

Географска и секторска концентрација

Ризиците на кои е изложено Друштвото се лоцирани во Република Северна Македонија.

Раководството верува дека Друштвото не е изложено на значителна концентрација кон ниту една група на осигуреници од социјален, професионален, старосен или друг аспект.

Овие ризици се управуваат и преку склучување на договори за реосигурување. Друштвото склучува договори за реосигурување, како што се – реосигурување на вишок на лимит за следните класи на осигурување: имот и одговорност кон трети лица како и целосно реосигурување за поединечни класи на осигурување кое обезбедува заштита од вкупниот ризик. Друштвото редовно ја следи програмата за реосигурување, како и трошоците и користите од истата.

Каматен ризик

Изложеноста на Друштвото на каматен ризик првенствено произлегува од портфолиото на вложувања во должнички хартии од вредност.

Обврските од договорите за осигурување се краткорочни и каматниот ризик се намалува преку вложување во должнички инструменти кои во најголем дел се со фиксна камата (државни записи).

Краткорочните обврски за осигурување и реосигурување не се директно чувствителни на пазарните каматни стапки бидејќи се некаматоносни.

Каматен ризик (продолжува)

На 31 Декември 2020 година

			Инструменти со фиксна каматна стапка					
	Вкупно	**Инструменти со променлива каматна стапка**	**до 1 месец**	**од 1 до 3 месеци**	**од 3 до 12 месеци**	**од 1 до 5 години**	**над 5 години**	**Некамато-носни**
Средства	**553.800.119**	**27.100.000**				**85.672.000**	**321.215.430**	**119.812.689**
Должнички хартии од вредност чувани до доспевање	-	-	-	-	-	-	-	-
Финансиски вложувања расположливи за продажба	321.215.430	-	-	-	-	-	321.215.430	-
Акции и удели во инвестициски фондови	48.928.212	-	-	-	-	-	-	48.928.212
Орочени депозити	112.772.000	27.100.000	-	-	-	85.672.000	-	-
Вложувања во заеднички контролирани ентитети	11.167.565	-	-	-	-	-	-	11.167.565
Средства од реосигурување	13.607.673	-	-	-	-	-	-	13.607.673
Побарувања	41.731.404	-	-	-	-	-	-	41.731.404
Парични средства и парични еквиваленти	4.377.835	-	-	-	-	-	-	4.377.835
Обврски	**(36.924.128)**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(36.924.128)**
Обврски	(36.924.128)	-	-	-	-	-	-	(36.924.128)
	516.875.991	**27.100.000**	**-**	**-**	**-**	**85.672.000**	**321.215.430**	**82.888.561**

Каматен ризик (продолжува)

На 31 Декември 2019 година

			Инструменти со фиксна каматна стапка					
	Вкупно	**Инструменти со променлива каматна стапка**	**до 1 месец**	**од 1 до 3 месеци**	**од 3 до 12 месеци**	**од 1 до 5 години**	**над 5 години**	**Некамато-носни**
Средства	**589.352.106**	**91.410.000**	**-**	**-**	**84.668.113**	**51.362.000**	**215.215.285**	**146.696.708**
Должнички хартии од вредност чувани до доспевање	84.668.113	-	-	-	84.668.113	-	-	-
Финансиски вложувања расположливи за продажба	215.215.285	-	-	-	-	-	215.215.285	-
Акции и удели во инвестициски фондови	73.316.295	-	-	-	-	-	-	73.316.295
Орочени депозити	142.772.000	91.410.000	-	-	-	51.362.000	-	-
Вложувања во заеднички контролирани ентитети	13.589.208	-	-	-	-	-	-	13.589.208
Средства од реосигурување	17.349.034	-	-	-	-	-	-	17.349.034
Побарувања	32.107.727	-	-	-	-	-	-	32.107.727
Парични средства и парични еквиваленти	10.334.444	-	-	-	-	-	-	10.334.444
Обврски	**(31.247.870)**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(31.247.870)**
Обврски	(31.247.870)	-	-	-	-	-	-	(31.247.870)
	558.104.236	**91.410.000**	**-**	**-**	**84.668.113**	**51.362.000**	**215.215.285**	**115.448.838**

Каматен ризик (продолжува)

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Друштвото на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на билансот на состојба. Со состојба на 31 декември 2020 година, доколку каматните стапки се 1000 основни поени повисоки/пониски, а останатите променливи се константни, добивката пред оданочување на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2020 година ќе биде намалена/зголемена за приближно 271.000 денари (2019: 940.100 денари).

Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик, што претставува ризик договорната страна да не биде во можност да ги плати износите во целост во моментот на нивното доспевање. За да ја контролира изложеноста кон кредитниот ризик, Друштвото редовно врши кредитна проценка на финансиската состојба на овие странки.

Побарувања по основ на осигурување

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога осигурениците нема да ги исполнат своите финансиски обврски што произлегуваат од договорите за осигурување. Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик изнесува максимално до износот на сметководствената вредност на побарувањата по основ на премија и останатите побарувања. Побарувањата по основ на премии се од голем број на клиенти и се на нормална комерцијална основа, така што концентрацијата на кредитен ризик е минимална. Друштвото редовно ги следи побарувањата по основ на премии, со што изложеноста кон кредитен ризик е контролирана. Анализата на старосната структура на доспеаните побарувања од купувачите за неплатени премии е дадена Белешка 9.

Средства од реосигурување

Друштвото е изложено на кредитен ризик и преку средствата од реосигурување. Друштвото склучува договори за реосигурување со првокласни реосигурители и концентрацијата на ризик се избегнува преку следењето на политиката на Друштвото преку поставените лимити кои се ревидираат секоја година. Раководството на Друштвото редовно прави оценка на кредитоспособноста на реосигурителите за да може да ја ажурира стратегијата за реосигурување.

Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање и расположливи за продажба

Друштвото е изложено на кредитен ризик кај хартиите од вредност кои се чуваат до доспевање и кај хартиите од вредност расположливи за продажба во однос на можната ненаплатливост од другите странки.

Сепак земајќи во предвид дека Друштвото вложува во обврзници, државни записи, удели во инвестициски фондови и орочени депозити во домашни банки, не се очекува овие вложувања да не се надоместат.

Кредитен ризик (продолжува)

Максимална изложеност на кредитен ризик

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датумот на финансиските извештаи, кои се прикажани во следната табела:

во денари	**2020**	**2019**
Финансиски вложувања за тргување	48.928.212	73.316.295
Финансиски вложувања кои се чуваати до достасување	-	84.668.113
Финансиски вложувања расположливи за продажба	321.215.430	215.215.285
Орочени депозити	112.772.000	142.772.000
Вложувања во зеднички контролирани ентитети	11.167.565	13.589.208
Средства од реосигурување	13.607.673	17.349.034
Побарување од осигуреници и останати побарувања од непосредни работи	41.731.404	32.107.727
Парични средства и парични еквиваленти	4.377.835	10.334.444
	553.800.119	**589.352.106**

Валутен ризик

Друштвото е изложено на ризик во однос на ефектите на движењата на нивото на девизните курсеви кои се одразува врз финансиската позиција и готовинскиот тек. Друштвото не користи финансиски инструменти за заштита од ризикот бидејќи ваквиот вид на инструменти не се во вообичаена употреба во Република Северна Македонија.

Во табелите подолу е прикажана изложеноста на Друштвото на валутен ризик.

31 декември 2020	МКД	ЕУР	УСД	ЦХФ	Вкупно
Вкупно средства	**363.304.689**	**190.495.430**	**-**	**-**	**553.800.119**
Вложувања	303.587.777	190.495.430	-	-	494.083.207
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	13.607.673	-	-	-	13.607.673
Побарувања	41.731.404	-	-	-	41.731.404
Парични средства и парични еквиваленти	4.377.835	-	-	-	4.377.835
Вкупно обврски	**(372.408.802)**	**(104.045.047)**	**-**	**-**	**(476.453.849)**
Субординирани обврски	-	(92.541.000)	-	-	(92.541.000)
Бруто технички резерви	(345.743.098)	-	-	-	(345.743.098)
Бруто технички резерви во однос на договори кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик	-	-	-	-	-
Останати резерви	(1.245.623)	-	-	-	(1.245.623)
Обврски кои произлегуваат од депозити на друштва за реосигурување кај цеденти, по основ на договори за реосигурување	-	-	-	-	-
Обврски од непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување, и останати обврски	(25.420.081)	(11.504.047)	-	-	(36.924.128)
Разлика - неусогласена валутна структура	**(9.104.113)**	**86.450.383**	**-**	**-**	**77.346.270**

Валутен ризик (продолжува)

31 декември 2019	МКД	ЕУР	УСД	ЦХФ	Вкупно
Вкупно средства	**469.821.331**	**119.540.000**	**-**	**-**	**589.361.331**
Вложувања	410.030.126	119.540.000	-	-	529.570.126
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	17.349.034	-	-	-	17.349.034
Побарувања	32.107.727	-	-	-	32.107.727
Парични средства и парични еквиваленти	10.334.444	-	-	-	10.334.444
Вкупно обврски	**(443.728.750)**	**(92.253.117)**	**-**	**-**	**(535.981.867)**
Субординирани обврски	-	(92.228.400)	-	-	(92.228.400)
Бруто технички резерви	(411.282.267)	-	-	-	(411.282.267)
Бруто технички резерви во однос на договори кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик	-	-	-	-	-
Останати резерви	(1.223.330)	-	-	-	(1.223.330)
Обврски кои произлегуваат од депозити на друштва за реосигурување кај цеденти, по основ на договори за реосигурување	-	-	-	-	-
Обврски од непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување, и останати обврски	(31.223.153)	(24.717)	-	-	(31.247.870)
Разлика - неусогласена валутна структура	**26.092.581**	**27.286.883**	**-**	**-**	**53.379.464**

Ризик на ликвидност

Најголем ризик на ликвидност со кој се соочува Друштвото се дневните потреби од расположливи парични средства за исплата на обврските за штети од договорите за осигурување.

Друштвото поседува/одржува високо ниво на средства во секој момент, за исплата на доспеаните обврските за плаќање како и потенцијалните обврски за плаќање како што допеваат.

Анализата на доспеаноста на средствата и обврските според нивниот преостанат период до денот на нивната договорена доспеаност е како што следи (во денари):

31 декември 2020	до 1 година	1-3 години	3-5 години	5-10 години	над 10 години	Вкупно
Вкупно средства	**119.812.689**	**112.772.000**	**-**	**-**	**321.215.430**	**553.800.119**
Вложувања	60.095.777	112.772.000	-	-	321.215.430	494.083.207
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	13.607.673	-	-	-	-	13.607.673
Побарувања	41.731.404	-	-	-	-	41.731.404
Парични средства и парични еквиваленти	4.377.835	-	-	-	-	4.377.835
Вкупно обврски	**372.408.802**	**11.504.047**	**92.541.000**	**-**	**-**	**476.453.849**
Субординирано обврски	-	-	92.541.000	-		92.541.000
Бруто технички резерви во однос на договори кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик	345.743.098	-	-	-	-	345.743.098
Останати резерви	1.245.623	-	-	-	-	1.245.623
Обврски кои произлегуваат од депозити на друштва за реосигурување кај цеденти, по основ на договори за реосигурување	-	-	-	-	-	-
Обврски од непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување, и останати обврски	25.420.081	11.504.047	-	-	-	36.924.128
Разлика - неусогласена валутна структура	**(252.596.113)**	**101.267.953**	**(92.541.000)**	**-**	**321.215.430**	**77.346.270**

Ризик на ликвидност (продолжува)

31 декември 2019	до 1 година	1-3 години	3-5 години	5-10 години	над 10 години	Вкупно
Вкупно средства	**273.374.046**	**100.772.000**	**-**	**-**	**215.215.285**	**589.361.331**
Вложувања	213.582.841	100.772.000	-	-	215.215.285	529.570.126
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	17.349.034	-	-	-	-	17.349.034
Побарувања	32.107.727	-	-	-	-	32.107.727
Парични средства и парични еквиваленти	10.334.444	-	-	-	-	10.334.444
Вкупно обврски	**443.728.750**	**24.717**	**-**	**92.228.400**	**-**	**535.981.867**
Субординирано обврски	-	-	-	92.228.400		92.228.400
Бруто технички резерви во однос на договори кај кои осигуреникот го превзема инвестицискиот ризик	411.282.267	-	-	-	-	411.282.267
Останати резерви	1.223.330	-	-	-	-	1.223.330
Обврски кои произлегуваат од депозити на друштва за реосигурување кај цеденти, по основ на договори за реосигурување	-	-	-	-	-	-
Обврски од непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување, и останати обврски	31.223.153	24.717	-	-	-	31.247.870
Разлика - неусогласена валутна структура	**(170.354.704)**	**100.747.283**	**-**	**(92.228.400)**	**215.215.285**	**53.379.464**

Управување со капиталот

Агенцијата за супервизија на осигурувањето е главен регулатор кој ја следи адекватноста на капиталот на Друштвото во целина. Друштвото е под директна супервизија од страна на регулаторот.

Капитал на Друштвото

Капиталот на Друштвото согласно законските барања е составен од основен и дополнителен капитал и е пресметан на следниот начин:

При пресметка на основниот капитал на Друштвото се земаат предвид следните ставки:

- Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции,
- Резерви на друштвото (законски и статутарни) кои не произлегуваат од договорите за осигурување,
- Пренесена нераспределена добивка,
- Нераспределена добивка од тековната година (по одбивање на даноците и останати придонеси, како и дивидендата предвидена за исплата), доколку износот на добивка е потврден од овластен ревизор.

Следните ставки претставуваат одбитни ставки при пресметка на основниот капитал на Друштвото за осигурување:

- Сопствени акции, доколку ги поседува Друштвото за осигурување,
- Долгорочни нематеријални средства,
- Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година.

Друштвото за осигурување е должно во резервите на сигурност да издвои најмалку една третина од остварената добивка искажана во годишната сметка, ако добивката не се користи за покривање на загубите од претходните години, се додека резервите на сигурност на Друштвото не достигнат најмалку 50% од остварената просечна премија на осигурување во последните две години, при што премиите од претходните години се зголемуваат за индексот на порастот на цените на мало, сметајќи ја и годината за која се распоредува остварената добивка.

При пресметка на дополнителниот капитал на Друштвото за осигурување се земаат во предвид следниве ставки:

- уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции;
- субординирани должнички инструменти;
- хартии од вредност со неопределен рок на доспевање.

При пресметка на капиталот на Друштвото, дополнителниот капитал се зема во износ не повеќе од 50% од основниот капитал.

При пресметка на капиталот на Друштвото за осигурување, износот на основниот и дополнителниот капитал ќе се намали за следниве ставки:

- Вложувања на Друштвото за осигурување во акции или субординирани должнички инструменти издадени од друго друштво за осигурување или друга финансиска институција кај кои Друштвото има удел од повеќе од 10%, како и други вложувања во тие субјекти, кои се вклучени во пресметката на капиталот на тие субјекти,

Капитал на Друштвото (продолжува)

– Вложувања на Друштво во акции или субординирани должнички инструменти, издадени од друштва за осигурување или финансиски институции освен оние наведени погоре, кои се во износ поголем од 10% од капиталот на друштвото за осигурување пресметан пред одбивање на ставките наведени погоре.

Со состојба на 31 декември 2020, согласно пресметката на капиталот (образец КС), основниот капитал на Друштвото изнесува 130.671.331 денари (2019: 124.071.116 денари), дополнителниот капитал 55.337.040 денари (2019: 62.035.558 денари), додека капиталот на Друштвото изнесува 186.008.371 денари (2019: 186.106.674 денари).

Гарантен фонд на Друштвото
Според барањата на Законот за супервизија на осигурувањето Гарантниот фонд не смее да биде понизок од една третина од потребното ниво на маргина на солвентност на Друштвото. Исто така, гарантниот фонд не смее да биде понизок од 3.000.000 евра доколку Друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување. Со состојба на 31 декември 2020 Друштвото е во согласност со овие законски барања и е над минимумот од 3.000.000 евра.

Потребна маргина на солвентност
Капиталот на друштвото за осигурување кое врши работи на неживотно осигурување и/или реосигурување во секое време треба да биде барем еднаков на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвото за осигурување кое се пресметува со примена на методот - стапка на премија или методот – стапка на штети, во зависност од тоа кој ќе даде повисок резултат.

Маргината на солвентност за годината што завршува на 31 декември 2020 изнесува 48.027.036 денари (2019: 61.218.123 денари).

Политика на Раководството на Друштвото е да одржи стабилност на капиталот на Друштвото за да ги одржи довербата на инвеститорите и пазарот и да го поддржи идниот развој на бизнисот. Раководството на Друштвото го следи повратот на капиталот, дефинирано како добивка од редовно работење. Друштвото исто така го има во предвид влијанието кое нивото на капиталот го има на повратот на акционерите како и потребата да одржува сооднос помеѓу повисоките поврати и сигурноста обезбедено од цврстата позиција на капиталот.

Друштвото не е изложено на надворешни влијанија врз промените на капиталот. Во текот на годината немаше материјално значајни промени во пристапот на Друштвото за управување со капиталот.

Анализа на сензитивност

Друштвото го има проценето влијанието на промената на одредени клучни варијабли врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност.

Споредбено со тековната позиција на капиталот, добивката за годината, капиталот, коефициентот на покриеност и солвентност со сопствениот капитал на 31 декември 2020 година и 31 декември 2019 година се презентирани во табелата подолу.

31 декември 2020	Добивка за годината	Капитал и резерви	Потребно ниво на маргина на солвентност	Коефициент на покриеност	Промена на коефициент на покриен.
Тековна позиција на капиталот	**5.773.620**	**133.050.298**	**48.027.036**	**277.03%**	
Принос од вложувања (+10%)	7.121.266	134.397.944	48.027.036	279.84%	2.81%
Принос од вложувања (-10%)	4.425.974	131.702.652	48.027.036	274.23%	(2.81%)
10% намалување на настанати штети	18.414.652	145.691.330	48.027.036	303.35%	26.32%
10% зголемување на настанати штети	-(6.867.412)	120.409.267	48.027.036	250.71%	(26.32%)
5% намалување на админ трошоци и провизија за осигурување	13.546.783	140.823.461	48.027.036	293.22%	16.18%
5% зголемување на админ трошоци и провизија за осигурување	(1.999.543)	125.277.135	48.027.036	260.85%	(16.18%)

31 декември 2019	Добивка за годината	Капитал и резерви	Потребно ниво на маргина на солвентност	Коефициент на покриеност	Промена на коефициент на покриен.
Тековна позиција на капиталот	**(199.486.520)**	**127.359.481**	**61.218.123**	**208.04%**	
Принос од вложувања (+10%)	(198.887.174)	127.958.827	61.218.123	209.02%	0.98%
Принос од вложувања (-10%)	(200.085.866)	126.760.135	61.218.123	207.06%	(0.98%)
10% намалување на настанати штети	(177.702.601)	149.143.400	61.218.123	243.63%	35.58%
10% зголемување на настанати штети	(221.270.439)	105.575.562	61.218.123	172.46%	(35.58%)
5% намалување на админ трошоци и провизија за осигурување	(190.766.180)	136.079.821	61.218.123	222.29%	14.24%
5% зголемување на админ трошоци и провизија за осигурување	(208.206.860)	118.639.141	61.218.123	193.80%	(14.24%)

Анализа на сензитивност (продолжува)

Резулатите од сите симулации покажуваат добро ниво на капитализираност на Друштвото. Најзначајно влијание врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност има потенцијалната промена на настанатите штети.

При извршувањето на овие анализи претпоставка е дека останатите фактори се константни, а се менува само една варијабла. Треба да се нагласи дека информациите презентирани во табелата погоре се подготвени со примена на детерминистички пристап, така што не постои корелација помеѓу клучните варијабли и анализата не може да се пренесе на нив.

Каде што се смета дека варијаблите се нематеријални, не е проценето влијанието на незначајните промени на овие варијабли, Одредени варијабли може да не бидат материјални во моментот, но доколку се промени нивото на материјалност на одредна варијабла, треба да се направи проценка на влијанието на таа варијабла во иднина.

Објективна вредност

Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во билансот на состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во Извештајот за финансиската позиција се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи:

2020 година	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Финансики вложувања расположливи за продажба	-	-	321.215.430	321.215.430
Финансиски вложувања за тргување	-	48.928.212	-	48.928.212
2019 година	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Финансики вложувања расположливи за продажба	-	-	215.215.285	215.215.285
Финансиски вложувања за тргување	-	73.316.295	-	73.316.295

Финансиските вложувања за тргување се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови. Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена на датумот на известување.

Објективна вредност (продолжува)

Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективната вредност

Разликата помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Билансот на состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

	2020		2019	
	Вкупна евидентирана вредност	**Вкупна објективна вредност**	**Вкупна евиденти-рана вредност**	**Вкупна објективна вредност**
Средства				
Должнички хартии од вредност чувани до достасување	-	-	84.668.113	84.668.113
Орочени депозити	112.772.000	112.772.000	142.781.225	142.781.225
Вложувања во зеднички контролирани ентитети	11.167.565	11.167.565	13.589.208	13.589.208
Средства од реосигурување	13.607.673	13.607.673	17.349.034	17.349.034
Побарување од осигуреници останати побарувања од непосредни работи	41.731.404	41.731.404	32.107.727	32.107.727
Парични средства и парични еквиваленти	4.377.835	4.377.835	10.334.444	10.334.444
	183.656.477	**183.656.477**	**300.829.751**	**300.829.751**
Обврски				
Обврски	(36.924.128)	(36.924.128)	(31.247.870)	(31.247.870)
	(36.924.128)	**(36.924.128)**	**(31.247.870)**	**(31.247.870)**

Објективна вредност (продолжува)

Финансиски инструменти по категории

	Кредити и побарувања	Чувани до доспевање	Расположливи за продажба	Средства по обј. вре. преку добивки и загуби	Вкупно
31 декември 2020					
Средства според Извештајот за финансиска состојба					
Должнички хартии од вредност чувани до достасување	-	-	-	-	-
Финансиси вложувања раположливи за продажба	-	-	321.215.430	-	321.215.430
Акции и удели во инвестициски фондови	-	-	-	48.928.212	48.928.212
Орочени депозити	112.772.000	-	-	-	112.772.000
Вложувања во заеднички контролирани ентитети	11.167.565	-	-	-	11.167.565
Средства од реосигурување	13.607.673	-	-	-	13.607.673
Побарувања	41.731.404	-	-	-	41.731.404
Парични средства и еквиваленти	4.377.835	-	-	-	4.377.835
	183.656.477	**-**	**321.215.430**	**48.928.212**	**553.800.119**

	Обврски по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според Извештајот за финансиска состојба			
Обврски	-	36.924.128	36.924.128
	-	**36.924.128**	**36.924.128**

Објективна вредност (продолжува)

	Кредити и побарувања	Чувани до доспевање	Расположливи за продажба	Средства по обј. вре. преку добивки и загуби	Вкупно
31 декември 2019					
Средства според Извештајот за финансиска состојба					
Должнички хартии од вредност чувани до достасување	-	84.668.113	-	-	84.668.133
Финансиси вложувања раположливи за продажба	-	-	215.215.285	-	215.215.285
Акции и удели во инвестициски фондови	-	-	-	73.316.295	73.316.295
Орочени депозити	142.781.225	-	-	-	142.781.225
Вложувања во заеднички контролирани ентитети	13.589.208	-	-	-	13.589.208
Средства од реосигурување	17.349.034	-	-	-	17.349.034
Побарувања	32.107.727	-	-	-	32.107.727
Парични средства и еквиваленти	10.334.444	-	-	-	10.334.444
	216.161.638	**84.668.113**	**215.215.285**	**73.316.295**	**589.361.351**

	Обврски по обј.вр.преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според Извештајот за финансиска состојба			
Обврски	-	31.263.125	31.263.125
	-	**31.263.125**	**31.263.125**

34. Настани по датумот на известување

1. На одржаното Собрание на акционери, на 28.01.2021 година, донесена е Одлука за зголемување на основната главнина на ГРАВЕ Неживот АД Скопје, со трансформирање на заем Субординиран долг во влог преку издавање на нови акции од Петта (5) емисија по пат на приватна понуда. Вкупниот број на акции што се издаваат од петата емисија изнесува 1.500 акции со номинална вредност од 1.000 евра по акција, односно вкупна номинална вредност на емисијата 1.500.000 евра во денари. Основната главнина се зголемува за износ од 1.500.000 евра и по извршеното зголемување истата ќе изнесува 7.359.000 евра, а вкупниот број на акции по акционерка книга ќе изнесува. 7.359 акции.
   Приватната понуда на хартиите од вредност е наменета за едно правно лице кое е постојан и единствен акционер на Друштвото, GRAZER WECHSELSEITIGE VERSICHERUNG AKTIENGESELLSCHAFT, со седиште на Herrengasse 18-20, A-8010 Graz Austria.

2. Агенцијата за супервизија на осигурувањето усвои измени во повеќе правилници кои го регулираат вреднувањето на билансните ставки во друштвата за осигурување, меѓу кои и измени на Правилникот за контен план на друштвата за осигурување и реосигурување (Сл.весник на РСМ 170/2019). Со измените, поблиску се определува кои ставки се признаваат како трошоци за стекнување, кои потоа соодветно се разграничуваат и се признаваат одложено. Друштвото ќе изврши усогласување на пресметките за разграничување на трошоците за стекнување со новата регулатива, во рамките на пропишаниот рок, најдоцна до 01.01.2021 година, при што се олекува ефектот од оваа усогласување да изнесува 13,3 милиони денари помалку признаени одложени трошоци за стекнување.

3. Агенцијата за супервизија на осигурувањето на седницата одржана на 22.12.2020 година усвои измена на Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви. Примената на принципите за процена на технички резерви од овој правилник имплицира минимална маргина за неповолни отстапувања и истата како таква треба да биде земена предвид при процената на резервата за неповолни отстапувања. Одредбите на овој правилник не претставуваат егзактни правила, формула или алгоритми туку важни принципи со намера на заштита на јавниот интерес и примената на истите бара во расудувањето корисникот да ја пресретне неизвесноста од примена на несоодветни податоци; методи; несоодветна параметризација на моделите, несоодветни претпоставки и случајни варијации кои може да резултираат со разлика меѓу фактичките парични текови во однос на предвидените дури и при примена на целосно адекватен модел.

По 31 декември 2020 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема значајни настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак останати настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи се разгледани и одобрени од Надзорниот Одбор на Друштвото на 17 февруари 2020 година.

Потпишани во име на Друштвото од:

Акционерско Друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје

Г-дин Селаудин Имами	**Г-ѓа Елизабета Божиновска**	**Г-дин Марко Микиќ**
Член на Управен Одбор	Член на Управен Одбор	Претседател на Управен одбор